Образец 4-1- Протокол за БПО со гестациски носител

**Протокол за завршени здравствени услуги кои паѓаат на товар на средствата на Фондот за биомедицинско потпомогнато оплодување на брачни парови со гестациски носител**

Во завршени здравствените услуги кои паѓаат на товар на средствата на Фондот за биомедицинско потпомогнато оплодување се пресметани здравствени услуги, медицински потрошни материјали, хормонска терапија, лекови и нивна апликација, дефинирани во овој Протокол.

| Р.бр. | Назив на услугата и медицинскиот потрошен материјал | Количина (најмногу до) |
|---|---|---|
| 1 | Краткотрајна интравенска анестезија | **1** |
| 2 | Пункција на фоликули под ехографска контрола | **1** |
| 3 | In vitro или ICSI (вклучувајќи дополнителна обработка на биолошкиот материјал) | **1** |
| 4 | Ембриотрансфер | **1** |

**Појаснување на горната табела:**

**Под р.бр (1 и 2)** пункција на фоликулите и аспирација на јајце клетки во краткотрајна интравенска анестезија под . под ехографска контрола
**Под р.бр. (3**) Се прави In vitro (IVF) или ICSI (вклучувајќи дополнителна обработка на биолошкиот материјал). IVF е процедура која се прави околу 4 часа после фоликуларната пункција, во зависност од зрелоста на добиените јајце клетки. Се прави со инсеминација на јајце клетките со обработени сперматозоиди и после 18 до 24 часа се гледа дали е настанато оплодување. ICSI е процедура која се прави после фоликуларната пункција и се состои во инјектирање на сперматозоид со нормална морфологија во јајце клетка со добар морфолошки квалитет и после 18-24 часа се гледа дали настапило оплодување.
**Под р.бр. (4)** Ембриотрансфер - Доколку настапило оплодување после процедурата IVF/ICSI се врши трансфер на ембрионите и тоа најрано 48 часа од пункцијата на овариумите, а најдоцна петтиот ден под контрола на ултразвук кога се враќаат еден до три ембриони оценети по стандардни класификации.

датум:

Специјалист – субспецијалист                                        Осигурено лице